**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Број:11 – 6627/2
Датум: 16.11.2021
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 12.11.2021 година изврши увид на лице место на ул.“Влае“ бр.43 , по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“ Оддел КЕЦ – Ѓорче Петров, Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NAY2Y-J 4х50мм2 ,заради реализација на приклучок за објект за барател Дејан Ѓорѓиевски.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4х50мм2.Трасата за новата електрична инсталација започнува од постоечки столб од каде што ја поминува ул.“Влае“ по пат на бушење и продолжува дел по тротоарот од бетонска подлога и дел по тротоарот од бекатонска подлога се до нов мерен ормар МРО 2 поставен на граница на имот кај барател.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 18 метри, а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надоместок за изведување на подземни инсталации по јавни површини согласно Одлуката бр.07-6723/6 од 03.10.2014 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на номинирана цена за градежно – земјани работи за изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот да уплати износ од 2.657 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања.Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во првобитна состојба со истите материјали како и претходните. Тампонот од тротоарската подлога од бекатон да се набие во слоеви и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот, и тампонот од тротоарската подлога од бетон да се набие во слоеви и завршно да се бетонира ровот.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Ивана Стојановски

Тома Мандилоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*